**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-4332/2
22.09.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-4332/1 од 09.09.2025 година, поднесено о[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-3238/1 од 09.09.2025 година, поднесено од[redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

1. Листа на правни лица/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор за поставување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање
2. Сите позиции одредени за билборди на општината (локација, адреса, GPS координати, опис, кому е доделебна позицијата/правно лице/агенција)
3. Тип на билбордина територија на општината (билборд, ситилајт, мегаборд (вклучително и уникатни шифри/кодови)
4. Вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите
5. Договорите кои се склучени со правните лица/агенциите

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по гореневеденото барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

Македонија“ бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Општина Велес има склучено договори за користење простор за поставување билборди, ситилајти и мегаборди за рекламирање со следниве фирми:„ АКЦЕНТ МЕДИА“ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје и „Гоат Маркет“ ДОО Гевгелија.
Во прилог на Решението Ви доставуваме копии од Договорите склучени меѓу Општина Велес и горенаведените фирми во кои детално се наведени сите позиции одредени за билборди, ситилајти и мегаборди за рекламирање како и типот на билбордите.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar“ No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*